**Триглав Осигурување АД**
бул. 8-ми Септември бр. 16
1000 Скопје

triglav

# Посебни услови за осигурување животни на изложба

УС-жив-изл
16-1-мк

## член 1: предмет на осигурување

[1] Предмет на осигурување по овие Посебни услови може да бидат: копитари, говеда, овци, кози, свињи, живина, зајаци, куни, кучиња и риби на изложби, без разлика на нивната возраст.
[2] Сите изложени животни од ист вид, доколку ги исполнуваат условите за осигурување, треба да бидат опфатени со осигурувањето.
[3] Животните кои се во лоша кондиција, слаби, болни или кај кои постои сомнение за некоја заразна болест, не можат да бидат предмет на осигурување и мора веднаш да бидат отстранети од изложбениот простор.

## член 2: опасности опфатени со ова осигурување

[1] Осигурувачот има обврска да надомести штета поради пцовисување и присилно колење поради болест или несреќен случај.

## член 3: сума на осигурување

[1] Сумата на осигурување се договара со осигуреникот, односно договарачот на осигурување.
[2] Поединечни или група животни можат да се осигурат во висина на нивната вистинска вредност, утврдена од стручни лица – комисија.

## член 4: утврдување и пресметка на штета

[1] Обврската на осигурувачот да исплати надомест од осигурувањето почнува од денот кога животните ќе пристигнат во изложбените простории, и трае сè додека животните не ги напуштат изложбените простории, а најдолго до 24:00 часот од следниот ден по службеното затворање на изложбата.
[2] Во случај да се разболи животно за времетраење на изложбата, осигуреникот е должен тоа да го пријави веднаш на осигурувачот и ветеринарот. Обврската на осигурувачот во таков случај се продолжува и по затворање на изложбата, сè до неговото оздравување или настанување на осигурениот случај од пријавената болест, а најдолго до 14 дена. Трошоците за лекување и слично, паѓаат на товар на осигуреникот, доколку не е поинаку договорено.
[3] Кај ова осигурување не се применуваат одредбите за каренца, согласно Општите услови за осигурување животни.
[4] Осигурувачот е должен да плати надомест за штета, која се пресметува врз основа на сумата на осигурување.

## член 5: примена на општите услови за осигурување животни

[1] За осигурувања склучени по овие Посебни услови се применуваат и одредбите од Општите услови за осигурување животни, ако не се во спротивност со нив.
[2] Овие услови влегуваат во сила со денот на донесувањето.
[3] Со влегување во сила на овие Услови престануваат да важат Посебните услови за осигурување на животни на изложба од 28.06.2002 година.